РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРИЛЕП

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

БР. 03-1506/2
од 25. 04. .2023 год.
Прилеп

Врз основа на член 35, став (1) од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 193/15, 44/15, 31/16, 163/16,64/18 и 168/18), член 93 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ 32/20) и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 26 од Статутот на Општина Прилеп, Градоначалникот на Општина Прилеп го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

Се организира јавна презентација и јавна анкета по УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО СЕЛЦЕ СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 5, ОПШТИНА ПРИЛЕП.

Опис на планскиот опфат:

Планскиот опфат го опфаќа селото Селце, на подрачјето на КО Селце во Општина Прилеп. Село Селце е ридско-планинско село на надморска висина од околу 750.00мнв во општина Прилеп, која се наоѓа во североисточниот дел од Пелагонискиот регион. Селото Селце, КО Селце се наоѓа југоисточно од градот Прилеп опкружено со атарите на градот Прилеп од север и северозапад, Лениште од североисток, Кокре од југоисток, Прилепец и Волково југ и југозапад, Старо Лагово на запад . Селото Селце во атарот на КО Селце е опкружено со месноста Сарика од север, Колкојца и исток, Папрат од југ и Бела вода од запад.

Границата на планскиот опфат на Урбанистички план за село Селце со разработка на блок 5, Општина Прилеп, **зафаќа површина од 29,20 ха**. Планскиот опфат е дефиниран со следните граници:

Границата на опфатот започнува да се движи од запад кон исток движејќи се по северната граница на КП 2135/1 (Селечка река) врти кон југоисток до средината на КП 465 (пат), оди по неговата осовина, врти кон југ сечејќи ја КП 2119/2 (река). Па кон југозапад движејќи се по границите на КП 1200/1, КП 1205, КП 1204, КП 2123/2 (река) и КП 2124 кои ги сече, врти кон запад по границите на КП 1293, КП 1290, КП 1287/1, ја сече КП 2125/2 (река), па продолжува кон запад по границите на КП 1271 и КП 1270 (која ја сече). Оттука врти кон југозапад притоа сечејќи делови од КП 1262, КП 2144/1, врти кон северозапад сечејќи делови од КП 1122, КП 1117, КП 1123/1, КП 1123/2, па по границата на КП 1127, сече делови од КП 1128, КП 1129, КП 1132, КП 1131/1, КП 1133/2, по границата на КП 1136, сече делови од КП 1137, КП 1140, КП 1142, ја сече КП 2125/1, ги сече КП 563, КП 568, КП 569, КП 574, од каде што врти кон североисток сечејќи делови од КП 571, КП 552, врти кон југоисток, сече дел од КП 551, врти кон североисток ја сече КП 550, ја сече 2135/1 (селечка река) и доаѓа до точката од каде што започна опфатот.

За конкретниот плански опфат, нема претходна планска документација.

Подрачјето на планскиот опфат е на територија на Општина Прилеп.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПРИЛЕП**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

Јавната анкета и јавната презентација по УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО СЕЛЦЕ СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 5, ОПШТИНА ПРИЛЕП ќе се спроведе со излагање на Предлог Планот во просториите на Општина Прилеп.

Јавната анкета ќе трае 5 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението, односно од 28.04.2023 година до 05.05.2023 година секој работен ден од 8,30 до 15,30 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 28.04.2023 година, петок, во 12:00 часот во просториите на Општина Прилеп.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Прилеп**
**Борче Јовчески**

Република Северна Македонија
Градоначалник
Општина Прилеп